Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 38//0306
10.03 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27.02.2025 година, врз основа на примена жалба од **Данела Арсовска,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Се проширува ланецот на старски домови во семејството на градоначалничката Арсовска, нов петти дом за стари лица во Петровец“ ,** објавен во онлајн медиумот „Фокус.мк“ (fokus.mk), на 17.02.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката Данела Арсовска на 17.02.2025 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Се проширува ланецот на старски домови во семејството на градоначалничката Арсовска, нов петти дом за стари лица во Петровец“, објавен во онлајн медиумот „Фокус.мк“ (fokus.mk), на 17.02.2025 година, при што се жали на неточно и нефер известување, незастапена втора страна, нарушување на приватност и на неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата се наведува дека „од страна на порталот се прави пристрасно и манипулативно известување во кое не се наведени што е можно повеќе факти од што повеќе извори, туку се повикува на податоци од имотен лист, а притоа не е побарана изјава од Градоначалникот на Град Скопје или од неговата фамилија. Прекршокот од етички аспект доаѓа до израз уште повеќе, затоа што невистинитите тврдења за факти новинарот ги ставил и во насловот на новинарскиот производ, со што без факти, го доведува во прашање одговорноста и моралниот кредибилитет на Градоначалникот, со оглед дека нејзината имотна состојба е јавно објавена во Анкетен лист на ДКСК“.

Во жалбата во прилог е доставен испратениот демант, како и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој се отфрлаат наводите во жалбата. Во одговорот се наведува дека не е прв текст на оваа тема, туку неделникот имал објавено преку 20-тина, дека располагаат со многу веродостојни податоци и дека испратиле барање за одговор до градоначалничката Арсовска:

„Официјалната документација од Катастарот за недвижности што ја обезбедивме покажува дека нејзиниот татко поседува куќи, згради, старски домови… Дел се на негово име, од дел од фирмите е излезен и неговото име не фигурира никаде, а дел од недвижниот имот што го поседува го дава и под закуп. Сепак, историјатот на промени покажува дека поседувал бројни фирми, од кои со тек на годините постепено излегува. Исто така, располагаме со сите имотни листови на сé што поседува семејството на актуелната градоначалничка Арсовска, меѓу кои се и старските домови, за што убаво е објаснето во текстот дека се издаваат под закуп на психијатарот Благојче Стевановски, но објектите се на име на нејзиниот татко.

Но, сега да се навратиме на делот дека не била побарана втората страна, поточно градоначалничката не сум ја побарала за коментар за текстот во кој се пишува за нејзиното семејство. Тоа не е точно. Како и секогаш досега е испратен официјален маил до Град Скопје со прашања, меѓутоа во последните три години за сé што е пишувано и е побарано нејзин коментар, таа ниту еднаш не не удостоила со одговор. Досега и се испратени преку 30 маилови со прашања, а претходно и на нејзиниот мобилен телефон, но ниту еднаш не сме добиле одговор. Исто така, испратени и се покани и за интервју, кои цело време се игнорираат“ – се наведува во одговорот од Фокус.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека **„Се проширува ланецот на старски домови во семејството на градоначалничката Арсовска, нов петти дом за стари лица во Петровец“,** објавен во онлајн медиумот „Фокус.мк“ (fokus.mk), на 17.02.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со имотот на семејството на градоначалничката на Скопје Данела Арсовска.

Комисијата прво констатираше дека станува збор за истражувачка сторија во која се наведени повеќе податоци збогатени и со фотографии, а кои се фокусираат на домови за стари лица, за кои се тврди дека директно или индиректно се поврзани со таткото на жалителката. Во еден момент се наведува и името на братот на жалителката, како и други лица кои сега фигурираат како сопственици или менаџери на домовите. Медиумот тврди дека располага и со документација од две институции, Централниот регистер и Катастарот, но документите или делови од нив не се објавени. Комисијата заклучи дека само со наведување на името на овие две институции не може да се утврди со точност дали станува збор за истото лице за кое се тврди во текстот, туку се потребни и други истражувачки алатки, зашто лица со исто име и презиме може да има повеќе во наведените институции.

Комисијата утврди дека и покрај многуте податоци во текстот не може да се забележи дека е направен напор за да се слушне втората страна, дури и ако се исклучи градоначалничката за која медиумот тврди дека ја барал, дека и се испратени најмалку 30-тина меилови и телефонски повици. Медиумот требало барем да направи напор да стапи во контакт со лицата за кои се пишува, а пред сé со таткото на градоначалничката кој е главна цел на истражувачката сторија. Поради отсуството на втора страна во текстот, Комисијата оцени дека е прекршен Член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата утврди дека медиумот, сепак, следниот ден го објавил демантот на жалителката, испратен преку овластен адвокат.

Од тие причини Комисијата на крајот заклучи дека е прекршен само член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595